**ЗАПИСНИК**

**Од осмата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација**

**одржана на ден 02.12.2020 година со почеток во 10.00 часот**

**електронски, преку ZOOM апликацијата**

**Присутни:** Александар Бајдевски (МИОА), Искра Аќимовска Малетиќ (CPM Consulting International), Aleksandrs Antonovs, (CPM Consulting International), Слаѓана Тасева (CPM Consulting International), Dace Gruberte (CPM Consulting International), Darta Indriksone (CPM Consulting International), Лаура Идризи (МИОА), Кристина Димовска (СЕП), Мирјанка Алексевска(МТСП), Татјана Трајковска (МФ), Тања Стаменова Дракуловска(ГС) , Пламен Георгиевски (МЛС), Маја Малјановска (МП), Ељтон Зекири (МПСОЗ), Есма Адиловиќ Фазлиќ (МИОА), Ангела Саплиева (МИОА), Стефаниа Стафила (МИОА), Владимир Серафимовски (МИОА).

Осмата седница на Секретаријатот за РЈА започна со воведно обраќање на Александар Бајдевски, заменик министерот за информатичко општество и администрација кој раководи со Секретаријатот, при што ги поздрави присутните членови на Секретаријатот за РЈА и експертите на проектниот тим од Проектот ИПА 2 „Поддршка на државната реорганизација“ и им се заблагодари на присуството на он лајн седницата.

Веднаш потоа Бајдевски го предложи дневниот ред на осмата седница на Секретаријатот за РЈА

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Дневниот ред
2. Информација за спроведувањето на ИПА 2 Проектот „Поддршка на државната реорганизација“
3. Усвојување на Записникот од седмиот состанок на Секретаријатот за реформа на јавната администрација
4. Статус на реализација на мерките и активностите од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) од I и II квартал 2020 година и насоки за подготовка на третиот полугодишен извештај за периодот јануари – јуни 2020 година
5. Втор годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) со Акциски план
6. Заклучоци од 10-от состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација

7. Разно (прашања/предлози)

Претседавачот Бајдевски предложи точката 6 - **Информација за спроведувањето на ИПА 2 Проектот „Поддршка на државната реорганизација“**, од предлог дневниот ред доставен до членовите на Секретаријатот, да се стави како втора точка на дневен ред.

Бидејќи присутните немаа забелешки, предложениот дневен ред **се усвои.**

Претседавачот Бајдевски, го претстави експертскиот тим од ИПА 2 Проектот „Поддршка на државната реорганизацијата“, и тоа **г-ѓа Слаѓана Тасева – тим лидер на проектот, г-ѓа Даце Груберт - експерт, Г-дин Александар Антоновс** клучен експерт и **проф. д-р Искра Аќимовска Малетиќ – сениор експерт.** При при тоа посочи дека една од клучните реформски мерки за подобрување на јавната администрација е хоризонталната функционална анализа и реорганизацијата кои се спроведуваат со донаторска поддршка која беше започната со UNDP и СИГМА, а сега продолжува со ИПА проектот поддржан од Европската Унија, од таа причина на седницата на Секретаријатот за РЈА ќе се презентираат постигнатите резултати од спроведувањето на ИПА 2 проектот.

**Г-ѓа Слѓана Тасева** – тим лидер на проектот, ги поздрави присутните и се заблагодари на можноста да се презентираат досегашните постигнати резултати во рамките на проектот. Даде краток осврт на проектот, истакна дека проектот е составен од две компоненти, посочи дека денес ќе се презентираат постигнатите резултати од првата компонента за државната реорганизација и хоризонталната функционална анализа на органите на државната управа и инспекциски служби на централно ниво .

Потоа, **Проф. д-р Искра Аќимовска Малетиќ** ги презентираше четирите предлог верзии на нацрт Законот за организација и работа на органите на државната управа. Посочи дека четирите нацрт верзии на Законот за организација на органите на државната управа (декември 2019 – јануари 2020), се изработиле врз основа на претходно усвоен концепт и тоа:

- **Нацрт 1 – со одговорности на регулаторните тела**
- **Нацрт 2 – без одговорностите на регулаторните тела**
- **Нацрт 3 – со имињата на министерствата и стратешките области на истите**
- **Нацрт 4 – со имињата и одговорностите на министерствата**

Во својата презентација проф. д-р Малетиќ ја елаборираше структурната поставеност на четирите нацрт верзии на Законот за организација и работа на органи на државната управа**,** при тоа претставувајќи ги***:***

➢ ***заедничките делови на нацрт верзиите на законот***:

- **Општите одредби**

- (Делокруг и цели/ Дефиниции/ Типологија/ Отчетност/ Начела за работа на државната управа),
- **Организација на другите органи на државната управа**,
- Агенции (Основање/ Основачки акт/Раководење/Организација) и
- Инспекторати ( Основање/Основачки акт/Раководење/Организација )
- **Раководење со државната управа**
- Процедура за основање, спојување и укинување на други органи на државната управа и
- Редовен преглед на државната управа
- **Соработка меѓу органите на државната управа**
- Форми на соработка
- **Статус на правно лице и**
- **Преодни и завршни одредби**

➢ ***различни делови на нацрт верзиите на Законот***:

- **Организацијата на министерствата**
- Прва и втора верзија - Основање, спојување и укинување на министерствата/ Министер и заменик министер/ Секретар/ Организација на министерството,
- Трета и четврта верзија - Основање на министерствата/ Министер и заменик министер/ Секретар/
- **Регулаторни тела**
- Прва верзија - Основање/ Основачки акт/Раководење/Организација
- Втора, трета и четврта верзија - Основање
- **Отчетност**
- Прва верзија - Надзор над агенциите и инспекторатите/Отчетност на регулаторните тела
- Втора, трета и четврта верзија - Надзор над агенциите и инспекторатите

Претседавачот Бајдевски, се заблагодари на г-ѓо Малетиќ за презентацијата и го повика г-дин Александар Антоновс да ја презентира Хоризонталната функционална анализа на органите на државната управа и инспекциски служби на централно ниво.

**Г-дин Александар Антоновс ,** ги поздрави присутните и ја истакна целта на проектот а тоа е рационализација на институционалната рамка, елиминирање на преклопувањето на надлежности и обезбедување на ефективен редослед на отчетност . Посочи дека проектот се реализира во две компоненти и тоа:

- 1: Оптимизација и рационализација на органите на државната управа и инспекциските служби
- 2: Подобрување на рамката за дискрециони овластувања

Истака дека овој проект е за институционална архитектура, но не е проект за управување со човечки ресурси .

Посочи дека во процесот на реализација на проектните активности биле вклучени тим од клучни експерти кои ги интервјуирале министерствата, секретаријатите, агенции и комисии, како и вклучување на граѓанското општество и консултантски компании . Во текот на процесот се координирале со ЕУ, ОЕЦД-СИГМА, УСАИД, Обединетото Кралство, и УНДП . При што го истакна фактот дека тимот од 20 локални експерти ги интервјуирале сите 132 органи на државната управа . Едновремено се посочи дека и тим од 16 виши не-клучни експерти предлагале структури на ресурсите , а пак двајца клучни експерти ја координираат работата и изработуваат единствен предлог за целата државна управа

Исто така наведе неколку клучни заклучоци во однос на државната реорганизација и истакна дека не постои никаков хиерархиски систем, повеќе органи се основани со *lex specialis* (70) отколку согласно ЗООДУ (62),преку 100 се буџетски корисници од прв ред со што министерството за финансии треба да контактира со преку 100 институции, нејасни критериуми за статус на правно лице, редоследот на поднесување извештаи е збунувачки, не се поднесуваат извештаи , постојат 19 типови на органи на државната управа без јасни критериуми односно 13 основани со Закон, а 6 формирани со дополнителен закон, нема назначување / раздвојување за функциите (планирање политики, спроведување и надзор/ контрола ). Односно министерството треба да е одговорно за креирање на политики, агенциите да ги реализираат политиките, додека пак инспекторатите треба да вршат надзор на спроведувањето на политики, сега се случува сите три функции да се извршуваат во рамки на едно министерство.

Експерот **г – дин Александар Антоновс,** врз основа на направената анализа на органите на државната управа го претстави нивниот предлог и тоа:

- **Помалку институции: спојувања и укинувања**
- **Извршни функции во рамките на извршната власт**
- **Јасна хиерархија на поднесување извештаи во областа на политиките**
- **Поделба на функции: облик, реализација, контрола**
- **Поврзаност со процесот на буџетирање**

Притоа, поеднично ги презентираше предлозите за министерствата и Генералниот секретаријат на ВРСМ (ГС; МИОА; МЛС, МФ, МПСОМЗ, МЗШВ, МК, МО, МВР, МП, МЖСПП, МЗ, МОН, МНР, МТСП, МТВ И МЕ), при што истакна дека некои министри веќе го прифатиле неговиот предлог.

По завршувањето на презентациите, Бајдевски, им се заблагодари на експертите за презентациите и за поддршката, истакна дека темата е многу важна, и дека е потребна добра хоризонтална координација за целиот овој процес, при што даде можност за дискусија и ги повика членовите на Секретаријатот да поставаат прашања или доколку имаат коментари да повелат.

Кристина Димовска (СЕП) наведе дека има коментари во однос на презентцијата на проф. д-р Аќимовска Малетиќ за Предлог Законот за организација на работа на органите на државната управаи тоа во однос науредувањето на регулаторите, истакнувајќи дека смета дека е важно од аспект на европската интеграција да се повикаме на укажувањата на Европската комисија, зачувувајќи ја целосната функционална автономија на регулаторите и немешањето на извршната власт во нивната работа.

Од аспект на уредувањата на министерствата, ја подвлече важноста од усогласување на одредбите за државните секретари заедно со одредбите за секретарите од Законот за висока раководна служба и истакна дека би било корисно овие два закони да се разгледуваат паралелно и паралелно да бидат усвоени, доколку има услови за тоа, а се со цел да не се доведеме во вакуум простор каде има одредби за работата на државните секретари во два или во ниту еден закон.

Во однос на инспекторатите, истакна дека имајќи предвид дека овој проектен тим работи континуирано во координација со проектниот тим на USAID за модернизација на инспекциските служби, доколку има прогрес и координативни состаноци од страна на двата проектни тимови, со членовите на Секретаријатот да биде споделена информацијата дали овие два проекти донесуваат компатибилни предлози за реорганизација на органите на државната управа наспроти инспекциската реорганизација.

На крај, додаде дека согласно последниот извештај на Европската комисија за земјава во кој се укажува дека има простор за понатамошно подобрување во процесот на јавните консултации во однос на донесување на нови закони и предлог политики, при подготовката на овие нови закони, а особено во контекст на регулаторите, потребно е да се организираат повеќе јавни расправи, процесот да трае доволно долго како би биле слушнати сите различни мислења и би се дошло до одлука која одговара за сите, како и да не се избрзува со донесувањето на овие закони по скратена постапка.

Пламен Георгиевски, (МЛС) наведе дека е неопходно да се утврди улогата на позицијата државен секретар, односно да се расчисти дали оваа функција е политичка или не. Додаде дека смета дека е недоволно позицијата заменик министер да биде уредена во законот со само една одредба. Во однос на Инспекторатот за локална самоуправа истакна дека е потребно истиот да се постави на сосема поинакви основи, како и дека е потребна поголема координација на овој инспоекторат со останатите инспекторати.

Мирјанка Алексевска (МТСП) постави прашање во однос на функционалните анализи. Истакна дека се вклучила покасно и дека како што разбрала, експертите имале средба со министерката на МТСП и го прифатле предлогот, праша што сега тоа би значело,

веќе направените функционални анализи се различни од сегашниот предлог и што треба да направиме со функционалните анализи, се стават на страна или?

Професорката Милетиќ се заблагодари на коментарите на членовите што посочиле неколку работи за кои што веќе се разговарало во претходно фази од подготовката на нацрт Законот за организација и работа на органите на државната управа, посебно во однос на регулаторите, и секако во исчекување се на писмото од Европската унија, во однос на насоки, ставови како би можело да се уреди во нашата држава. Потенцираше дека треба да се внимава на функционалната самостојност на регулаторите. Смета дека треба поинтензивна соработка до усвојување на конечниот концепт на Законот и во рамките на овој процес да се организираат што повеќе дебати.

Во однос на уредувањето на функцијата на дравните секретари посочи дека се уредени со предлог законот за висока раководна служба. Во однос на замениците министри предвидено е постоечкото решение , да му помага на министерот, но сега при отсуство на министерот, заменикот ќе може да постапува и одлучува во раководењето.

Експертот **Г-дин Александар Антоновс** посочи дека во однос на регулаторите на ниво на Европската унија нема еден единствен воспоставен стандард. За регулаторните тела има различни решенија но  ќе треба да се донесе политичко решение. Регулатор кој еднинствено самостојно функционира е реулаторот за енергетика. Но експертот сметам дека сите решенија се отворени, но на крај ќе треба да се донесе политичка одлука. Во однос на инспекторатите извести дека се во комуникација со Инспекцискиот совет и со експертите од проектот подржан од УСАИД кој што таму се спроведува, усогласени сме со нивните предлози комуницираме и ќе продолжиме да комуницираме. Тие го подржуваат предлогот од нашиот проект за да инспекторатите се надвор од министерствата да имаат издвоена функција со цел да инспекциската служба биде самостојна.

Во однос на  политички назначените функции, во ЕУ  нема единствен воспоставен стандард, многу земји имаат заменици министри за различни ситуации, но она што го загрижува е положбата на државните секретари, смета дека тие треба да бидат државни службеници да обезбедаат административна меморија во институциите, бидејќи со промена на министри или промена на политички партии, да се имаа континуитет во работата и стабилност на институцијата за професионално извршување на надлежности. Но секако истакна дека тоа е негов личен став бидејќи овој проект кој се реализира не е проект за човечките ресурси.  Во однос на прашањето поставено од Алексовска од МТСП,  повеќето институции имаат направено вертикална функционална  анализа изработена по претходно барање на МИОА, со цел да се идентификуваат функциите дали се спроведуваат или не. Потенцирајќи дека во рамките на овој проект се гледа структурата во  министерството и во ресорот , и како тие се обраќаат на квалитетот, и смета дека двете анализи се надополнуваат, но во

рамките на овој проект посочи дека предлагаат структурна реформа на веќео постојната структура на органите која мора да се случи.

Пред да ја затвори дискусијата околу презентациите на експертскиот тим, Бајдевски им се обрати на присутните истакнувајќи дека ги уверува дека МИОА како министерство надлежно за спроведување на реформата нема да избрзува при донесување на законските решенија од надлежност на МИОА како Законот за административни службеници, Законот за вработени во јавен сектор, Законот за висока раководна служба и Законот за организација на органи на државна управа на законските решенија се со цел да се дојде до концепт одржлив на долг рок. Бајдевски ја истакна важноста од работење на подигнување на свеста на сите чинители преку вклучување на што повеќе институции и заинтересирани страни и потребата од високо ниво на транспарентост која ќе се постигне преку дискусии, објаснувања и вклучување на сите страни.

Бајдевски и даде збор на Слаѓана Тасева да се обрати, таа се заблагодари на можноста и вниманието на презентациите на овој состанок, истакна дека со ова можност се направи прв чекор, со цел да се презентираат резултатите од проектот за да правилно се креираат политики. Законот за организација на органите на државната управа е клучен за да може да се продолжи со другите предвидени проектни активности.

Бајдевски предложи презентациите на еksперстскиот тим да бидат претставени и на седницата на Советот за РЈА, со цел претседателот на Владата и министрите да бидат запознаени со новостите и предлог решенијата содржани во истите.

Потоа, се пристапи кон наредните точки од усвоениот дневниот ред.

Во однос на **точка 3**, Усвојување на Записникот од седмата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација, присутните немаа забелешки и истиот беше едногласно усвоен.

Од страна на Татјана Трајковска (МФ) беше укажано дека е потребно записниците да се доставуваат до членовите во најкус можен рок, односно непосредно по завршувањето на седниците на Секретаријатот за РЈА.

Во однос на **точка 4**, Статус на реализација на мерките и активностите од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2020 година, предвидени за I и II квартал 2020 годинаи насоки за подготовка на третиот полугодишен извештај за периодот јануари – јуни 2020 година, Бајдевски и даде збор на Лаура Идризи, заменик член на Секретаријатот од МИОА која направи кратка презентација на активностите од акцискиот план на Стратегијата за РЈА во однос на МИОА.

Лаура Идризи наведе дека во првата приоритетна област, Креирање на политики и координација,МИОА доцни со двете активности поради оправдани причини,односно пандемијата COVID19 и одржувањето на предвремените парламентарни избори, како и поради тоа што ГС сè уште ја нема донесено Измената на деловникот за работа на Владата на РСМ.

Во однос на втората приоритетна област, Јавна служба и управување со човечки ресурси, наведе дека МИОА доцни со активностите поради тоа што сè уште не се усвоени измените на законите, односно министерството е во фаза на донесување на нови закони и тоа Закон за административни службеници и Закон за вработени во јавен сектор, како и Закон зависока раководна служба. Додаде дека очекува дека Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавен сектор до 15 декември ќе бидат поставени на ЕНЕР и по истите ќе биде отворена јавна расправа, а потоа ќе одат на усогласување со Европската комисија. Наведе дека Мрежата за управување со човечки ресурси со поддршка на Мисијата на ОБСЕ се работи на одржување на обуки за 376 членови кои се веќе регистрирани на платформата.

Во однос на третата приоритетна област, Одговорност, отчетност и транспарентност наведе дека активностите на МИОА се поврзани со ИПА 2 проектот и за истите експертите презентираа во своите презентации.

На крај наведе дека МИОА доцни и со реализација на активностите во однос на четвртата приоритетна област, Давање услуги и ИКТ поддршка на администрацијата, поради пандемијата и финансиските импликации, како и дека за некои од активностите се отпочнати јавни набавки, но истите не се реализирани поради мерките на Владата и кратењето на Буџетот, и дека очекува овие активности да бидат реализирани во 2021 година.

Бајдевски заклучи дека во најбрз можен рок МИОА ќе направи краток пресек на активностите за 2020 година и првиот квартал од 2021 година, за да се види со кои мерки и активности се доцни, со цел да се подготвиме за активностите планирани за 2021 година и истиот ќе биде доставен до сите членови на Секретаријатот на РЈА.

Мирјанка Алексовска од МТСП ,се јави за збор посочи дека во втората приоритетна област од Стратегијата за РЈА - јавна служба и управување со човечки ресурси каде МТСП е водечка институција за реализација на целта за воспоставување унифициран кохерентен систем на плати за вработените на јавниот сектор, бара да се разгледа можноста од донаторска подршка. Смета дека на еден ваков состанок ја гледа можноста навремено да се алармира за потребата од техничка подршка со експпертиза, со цел да се реализираат предвидените активности. Притоа посочи дека нависина е многу тежок процесот за воспоставување на систем на плати за кој што сами како институција иако во соработка со други институции не би можеле да ги

реализираат. Посочи дека СИГМА дава подршка во оваа област, но да се види можноста од поддршка и од други донатори.

Заменикот министер Бајдевски посочи дека ќе се заложиме да најдеме начин за финансиска донаторска подршка и да се разговара со вицепремиерот за еконмски прашања, бидејќи смета дека сега е шансата да се работи  на воспоставувањето на систем на плати  паралелено со реорганизацијата на државната управа потенцирајќи дека системот на плати не е едноставен процес.

Кристина од СЕП го посочи TAIEX механизмот на ЕУ, како можност која би требало МТСП да го искористи,  и посочи  доколку има потреба можат да помогнат во процесот.

Мирјанка посочи дека за еден ваков систем на плати треба сите институции да се заложат. Посочи дека имале подршка од Британската амбасада, но тоа не било доволно бидејќи се изработени првични анализи со три документи, во тој период Британската амбасада немала можност од продолжување на соработката.

Лаура Идризи од МИОА,  истакна дека на министерот за информатичко општество и на МИОА како институција, воспоставување на системот на плати е приоритет. Разговарано е со повеќе странски донатори кои се заинтересирани за подршка во овој дел. Но во најкраток можен рок ќе треба МТСП, МИОА и МФ да се состанат и да ја разгледаат можноста од донаторска подршка на овој процес.

Тања Стаменова од ГС се јави за збор,  посочи дека мерката која што до крај не е реализирана,  а е во надлежност на ГС е  подготвување на Методологијата за начинот на подготвување, следење и спроведувањето , оценување и известување за секторските стратегии, а саматапотенцирајчи дека реализацијата зависи пред се од донесувањето на новиот Закон за буџет, побара одговор од членот од МФ да извести до каде е процесот на носење на новиот Закон за буџет.  Но и посочи дека ќе се работи на подготовка на нова Методологија за стратешко планирање, која би се работела паралелно со Методологијата за начинот на подготвување, следење и спроведувањето , оценување и известување за секторските стратегии.

Претставникот од МФ извести дека новиот Закон за буџет беше ставен на ЕНЕР достапен за давање коментари. Посочи дека овој процес не зависи само од МФ туку и од коментарите кои треба да се разгледаат и да се усогласи текстот на законот со предлозите добиени од  сите засегнати страни, наскоро ќе има и јавни расправи, но информира дека во моментот очекувањата им се проектирани  до крајот на годината, но неможе да потврди со сигурност имајќи ги во предвид околностите.

Во однос на **точка 5**, Втор годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) со Акциски план, Бајдевски истакна дека извештајот  кој беше доставен до сите присутни ги содржи сите четири

приоритетни области со збирни прегледи и процент на реализирани активности и наведе дека истиот ќе биде објавен на веб страната на МИОА. Присутните немаа зазбелешки и Извештајот беше едногласно усвоен.

При што заменик министерот Бајдевски заклучи Вториот годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2018 – 2022) со Акциски план за 2019 година, да биде доставен на разгледување на седницата на Советот за РЈА

Во однос на **точка 6,** Заклучоци од 10-от состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација, Бајдевски истакна дека истите им беа доставени електронски на членовите на Секретаријатот и и даде збор на Лаура Идризи која накратко ги презентираше наодите од истите.

Кристина Димовска (СЕП), наведе дека согласно Општиот заклучок од Заклучоците од 10-от состанок, според временската рамка треба да се одржи технички последователен состанок во април 2021 година и дека на истиот ќе биде очекувано да бидат обезбедени посуштински информации за статусот на реорганизацијата на органите на државната управа, согласно првиот заклучок од делот Отчетност од Заклучоците.

Додаде дека заклучоците сѐ уште не се потврдени од страна на Европската комисија и потсети на обврската на објавување на веб страната на МИОА штом истите бидат потврдени.

Претседавачот Бајдевски, заклучи - „ Заклучоците од 10-от состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација“ да бидат доставени на разгледување на седницата на Советот за РЈА,

Во однос на **точка 7** Разно, никој од присутните немаше прашања или предлози, по што Бајдевски им се заблагодари на присутните и го затвори состанокот.